ГОЛЕМИ РЕКОНСТРУКЦИСКИ РАБОТИ НА „МАЛА СТАНИЦА“

# Промоција на „Унесковата куќа на уметноста“ за Денот на државноста

**Со проектот се планира објектот да стане галериски и арт-комплекс, во кој секоја земја од Југоисточна Европа ќе има простор од 150 квадратни метри каде што ќе може да ги презентира националните културни достигнувања**

АНА КУБИН



Земјите од Југоисточна Европа ќе добијат свој изложбен простор

Реконструкцијата на објектот познат како „Мала станица“ почна деновиве, а како „Унескова куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа“ треба да биде промовиран за Денот на државноста на Македонија, на 8 септември.

Објектот „Мала станица“ е атрактивен простор, кој зафаќа 2.000 квадратни метри во центарот на Скопје.Со проектот се планира објектот да стане галериски и арт-комплекс, каде што секоја земја од Југоисточна Европа ќе има простор од 150 квадратни метри, во кој ќе може да ги презентира националните културни достигнувања преку организирање изложби, перформанси и други културно-уметнички настани.

Просториите ќе им бидат отстапени екстериторијално на земјите-корисннички (еден вид амбасади) и секоја од нив ќе мора самостојно да го финансира внатрешното уредување. Со реконструкцијата се предвидува да се направи и мала киносала со капацитет од 100 седишта, каде што секоја земја од Југоисточна Европа ќе може да организира презентации и проекции на некомерцијални филмови. Во киното се предвидува да се организираат и предавања од областа на културата и уметноста што ќе може да ги посетуваат сите заинтересирани за националните обележја на земјата-презентер.

За да биде реновиран руинираниот објект, беше изработен проект „Куќа на уметностите на Југоисточна Европа“ и на конференцијата во Париз, кој се одржа во месец април годинава, доби поддршка од УНЕСКО и од македонската Влада со што беше решено објектот да му припадне на Министерството за култура.

Дозвола за изведување на градежните работи доби вевчанската фирма „Виа“, која за изведбата ја ангажираше фирмата „Ајвар“ од Скопје. Проектот го финансираат Владата и Министерството за култура, кои ќе обезбедат средства за реконструкција на покривот од зградата. Реализацијата на проектот ќе се одвива под покровителство на УНЕСКО, кое ќе доплати за реновирањето откако ќе биде прецизиран потребниот износ. ■